СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. **02-417/7**
Скопје, 27.03.2024 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на *член 27, став 2 точка 4* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Службен весник на РСМ бр. 46/23), на третата седница одржана на **27.03.2024 година** ја донесе следната:

**ПРЕДЛОГ-О Д Л У К А**

**Член 1**

Се утврдува Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

**Член 2**

Во Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 115/17)* во член 2 став (1) износите за висината на трошоците се менуваат и гласат:

- во точката 1. износот „2.800,00'" се заменува со износот „3.500,00";
- во точката 2. износот „600,00'' се заменува со износот „1.000,00";
- во точката 3. износот „2.600,00" се заменува со износот „2.900,00";
- во точката 4. износот „3.200,00" се заменува со износот „3.500,00";
- во точката 5. износот „60.000,00" се заменува со износот „66.000,00", а износот „30.000,00" се заменува со износот „33.000,00".

Во став (2) точка 4., зборот „Пријавата" се заменува со зборот „Барањето".

Во став (6) точка 4., зборот „пријава" се заменува со зборот „барање".

**Член 3**

Предлог-Правилникот за изменување на Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата од член 1 на оваа одлука ќе биде доставен за донесување до Собранието на Комората.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.